Јавно претпријатие
Ndermarrja publike
ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО
PARQE DHE GJELBËRIME
Скопје, Република Северна Македонија
Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Број/Numër: 05-2170/1
Дата/Data: 29 12 21

ЈП ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО
NP PARQE DHE GJELBËRIME
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ • СКОПЈЕ NDËRMARRJA PUBLIKE • SHKUP

Јавно претпријатие "Паркови и зеленило" – Скопје

ФИНАНСИСКИ ПЛАН

на ЈП '' Паркови и зеленило ''

ЗА 2022 година

Скопје, декември, 2021 год.

Врз основа на член 30 ст.6 од Законот за јавните претпријатија (СВ. 38/96-64/18), член 26 и 30 од Статутот на ЈП "Паркови и зеленило" Скопје Директорот на ЈП Паркови и зеленило Скопје до Управниот одбор на ЈП "Паркови и зеленило" на седница одржана на год. го достави следниот:

Финансиски план

на ЈП "Паркови и зеленило"

за 2022 год.

ВОВЕД

ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Назив на субјектот: **ЈП Паркови и зеленило - Скопје**

Седиште на субјектот: **Булевар Илинден бр.104**

ЕДБ на субјектот: **МК 4030992176467**

Идентификационен број: **4528956**

ДЕЈНОСТ

Јавното претпријатие ''Паркови и зеленило''-Скопје е основано од Градот Скопје и врши дејности од комуналната свера од јавен интерес на територијата на Град Скопје. Во функција на дејноста заради кое е оснивано ЈП ''Паркови и зеленило'' го одржува, уредува и заштитува јавното градско зеленило на територија на Град Скопје, како и Спортско рекреативниот центар ''Сарај'', Парк шумите ''Водно'' и ''Гази Баба''. Врши подигање на нови зелени површини, а се со единствена цел за поздрава, позелена и почиста животна средина за граѓаните на Град Скопје.

ЈП "Паркови и зеленило" врши дејности согласно националната класификација на дејности и тоа:

- 81.30 - Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина

- 02.10 - Одгледување и заштита на шуми и останати дејности поврзани со шумарство.

Во функција на основната дејност врши и други дејности:

01.30 – одгледување на саден материјал

01.19 – одгледување на останати едногодишни насади и посеви.

При извршувањето на дејностите од јавен интерес треба да се почитуваат следните **принципи:**

- Сигурност во давање на услугите;
- Континуитет и квалитет на услугите;
- Транспарентност и достапност на услугите;

Заради остварување на мисијата потребно е да се остварат следните **цели:**

- Унапредување на внатрешната организација
- Поврзување на техничките и човечките ресурси
- Зголемување на ефикасноста на работењето
- Намалување на трошоците
- Воспоставување на информациски врски
- Зголемување на продуктивноста
- Точно дефинирање на одговорностите и надлежностите
- Подобрување и зголемување на механоопремата со набавка на работни машини и опрема
- Солвентност на претпријатието
- Ликвидност на претпријатието
- Социјална сигурност.

Целите на претпријатието се остваруваат преку:

- Целосна имплементација на сите поставени задачи (во рамките на нашите можности) преку акциони планови на годишно, квартално и месечно ниво,
- Соработка со Градот Скопје и централната власт заради системски пристап во решавање на проблемите од нашата дејност,

- Едукација на менаџментот и вработените, како и следење на сите позитивни настани во блиската околина слични и поврзани со нашата дејност.

ФИНАНСИСКИ ПЛАН

При изготвување на финансикиот план за 2022 година, дадени се планирани очекувани резултати до 31.12.2021 година, врз основа на кои се проектирани планираните резултати за 2022 година, како во поглед на поединечни приходи, така и во поглед на поединечните расходи.

Финансискиот план за 2022 година е проектиран врз следните претпоставки:

- Очекувана инфлација од 3,1 %
- Предвидени инвестиции во 2022 год.
- Очекувани и предвидени субвенции во финансиски средства
- Очекувани финансиски срдества од поврзани друштва - (Водовод и канализација)
- Очекувани финансиски средства од Град Скопје за подигање на нови зелени површини, одржување и реконструкција на постоечките и реализација на нашата програма.
- Очекувани финансиски средства по други основи.

Како резултат на наведените проекции се очекува за 2022 година планираните Вкупни Расходи и Приходи на јавното претпријатие да ги содржи следните позиции:

Преглед
на остварени очекувани расходи до крајот на 2021 год. и планирани расходи за 2022 год.

Ред. бр.	Вид на трошок	Очекувани Остварени расходи за 2021год.	Планирани расходи за 2022 год.	ИНДЕКС
1	2	3	4	5
1	Потрошени суровини и материјали	90,000,000,00	90,000,000,00	100
2	Потрошени канцелариски матери.	400,000,00	944,000,00	236
3	Потрошена електрична енергија	1,600,000,00	4,838,000,00	302
3а	Потрошен топлинска енергија	1,100,000,00	1,100,000,00	100
4	Потрошено гориво и мазиво	9,000,000,00	9,322,000,00	104
5	Потрошени мотор.резервни делови	4,500,000,00	8,850,000,00	197
5а	Потрошени резер. делови косилици	5,000,000,00	8,260,000,00	165
6	Отпис на ситен инвентар	800,000,00	700,000,00	87
7	Отпис на ХТЗ опрема	3,800,000,00	4,400,000,00	116
8	Отпис на авто гуми	250,000,00	1,416,000,00	566
9	Трошоци за транспортни услуги	90,000,00	50,000,00	55
10	Трошоци за одржување на софтвер	140,000,00	141,600,00	101
11	Трошоци за телефонски услуги	1,500,000,00	1,500,000,00	100
12	Наем на бина,шатор,моб.тоалети	60,000,00	700,000,00	1167
13	Трошоци за комунални услуги	2,250,000,00	2,500,000,00	111
14	Трошоци за реклама и пропаганда	-	-	-

Ред. бр.	Вид на трошок	Очекувани Остварени расходи за 2021 год.	Планирани расходи за 2022 год.	ИНДЕКС
15	Занатчиски услуги	3,000,000,00	3,000,000,00	100
16	Други материјални услуги	16,500,000,00	16,000,000,00	97
А	**ВКУПНО МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШ.**	**139,990,000,00**	**153,721,600,00**	**110**
17	**Амортизација**	**11,000,000,00**	**11,000,000,00**	**100**
18	Дневници за службен пат и пат.трошоци	80,000,00	100,000,00	125
19	Трошоци за УО и НО	1,760,000,00	1,760,000,00	100
20	Трошоци за спонзорства	300,000,00	300,000,00	100
21	Трошоци за репрезентација	450,000,00	450,000,00	100
22	Премии за осигурување	700,000,00	1,300,000,00	186
23	Надомест за банкарски услуги	300,000,00	300,000,00	100
24	Даноци , придонеси,членарини и др.давачки	200,000,00	200,000,00	100
25	Останати нематеријални трошоци Инт.ус.адв.ус.рев.и проц.вешт. провизија од аген.весници	3,500,000,00	3,500,000,00	100
26	Вредносно усогласување на краткорочни побарувања во земјата	60,000,000,00	52,000,000,00	87
27	Неотпишана вредн.на отугени без продажба матер.средства	400,000,00	400,000,00	100
28	Казни пенали и штети	100,000,00	100,000,00	100
29	Дополнително утврдени трошоци од минати години	1,500,000,00	1,000,000,00	67
Б)	**ВКУПНО НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ**	**69,290,000,00**	**61,410,000,00**	**89**
30	Камати од работ.со неповрзани субјекти	250,000,00	250,000,00	100
31	Камати за неплатени јавни давачки	20,000,00	20,000,00	100

в)	**Бруто плати**	**230,000,000,00**	**230,000,000,00**	**100**
	Сезонски работници	**80,600,000,00**	**90,000,000,00**	**112**
32	Трошок на вработени	1,250,000,00	1,500,000,00	120
	ВКУПНИ РАСХОДИ	**532,400,000,00**	**547,901,600,00**	**103**

Преглед
на остварени очекувани приходи за 2021 год. и планирани приходи за 2022 год.

Ред.бр.	Вкупен приход	Очекувани остварени приходи за 2021 год.	Планирани приходи за 2022 год.	индекс
1	Приходи од продажба на добра и услуги и други активности на поврзани друштва- Град Скопје	170,000,000,00	170,000,000,00	100
2	Приходи од продажба на добра и услуги на поврзани друштва-по друг основ(ЈП Водовод и канализација)	263,000,000,00	275,000,000,00	105
3	Приходи од продажба на добра и извршени услуги во земјата	1,400,000,00	2,000,000,00	143
4	Приходи од наемнини	2,750,000,00	2,500,000,00	91
5	Приходи од наплатени утужени побарувања	30,000,000,00	30,000,000,00	100

6	Приходи од субвенции (поешкотии во работењето)	70,000,000,00	70,000,000,00	100
7	Останати приходи	300,000,00	300,000,00	100
8	Приходи по основ на камати и курсни разлики	22,000,00	30,000,00	136
	Вкупно приходи:	537,472,000,00	549,830,000,00	102

ПРЕГЛЕД

На планирани Вкупни приходи и Вкупни расходи

за 2022 год.

Ред.бр.	Опис	Износ
1	Вкупен приход	549,830,000,00
2	Вкупен расход	547,901,600,00
	Бруто добивка	1,928,400,00

Овој развоен финансиски план на ЈП ,,Паркови и зеленило,, Скопје е изработен врз основа на сметководствени показатели и анализи на реално добиени финансиски средства од минатата година и очекувани остварени финансиски резултати од оваа година.

ЈП Паркови и зеленило за вршење на својата основна дејност во 2022 год. своето внимание го насочува кон предвидените финансиски средства,орудија за работа и механизација за одржување, унапредување и подигање на животната средина во граници на своите можности и расположиви капацитети, се со единствена цел да одговори на сите потреби и барања на Градот Скопје. Во кој обем ќе бидат остварени овие плански задачи, ќе зависи како и досега од висината на паричните средства со кои ЈП Паркови и зеленило ќе располага во 2022 година, секако тука е и максималната ангажираност на целокупниот стручен кадар и потенцијал со кој располага ЈП ,,Паркови и зеленило,,.

I. ПРИХОДИ

Вкупните приходи предвидени за 2022 година во апсолутна бројка изнесува **549,830,000,00** денари и се за 2% поголеми во однос на очекуваните остварени приходи во 2021 год. Ова се должи на планирани финансиски средства од Град Скопје со предвидениот Буџет за 2022 год. кои се однесуваат за хортикултурно уредување и одржување на веке постоечки подигнати зелени површини и обемот на подигање на нови зелени површини.

Приходи од продажба на добра и услуги и други активности - Град Скопје во износ од **170,000,000,00** се средства предвидени за ЈП Паркови и зеленило од страна на Буџетот на Град Скопје за 2022 година за реконструкција и одржување на постоечки зелени површини како и во Парк шума Водно.

Приходите од учество на вложувања во поврзани друштва, односно приходи од ЈП Водовод и канализација во износ од **275,000,000,00** ден. се планира да се зголемат за 5% во однос на очекуваните остварени приходи во 2021 г.

Приходи од продажба на добра и извршени услуги во земјата се за 43% повисоки во 2022г. во однос на очекуваните приходи од 2021 г.

Приходот од наемнини – планирани приходи од Цветен пазар се помали за 9% во однос на 2021 г. (цветни тезги) .

Приходи од наплатени утужени побарувања се побарувања од страна на ЈП Водовод и канализација кои биле утужени во минати години.

Приходи по основ на Субвенции од Град Скопје за ЈП паркови и зеленило за 2022 год. се предвидуваат 70,000,000,00 ден. за потешкотии во работењето

Другите приходи по друг основ на камати и курсни разлики се планираат да бидат приближно како и во 2021 г.

II. РАСХОДИ

Вкупните расходи за 2022 година кој во апсолутна бројка изнесуваат **547,906,600,00 ден.** предвидуваме да се зголемат за 3 % во однос на очекуваните остварени расходи во 2021 год.

1.Вкупните материјалните трошоци се планира да се зголемат за 10%, заради поголемениот обем на работа од една страна, а од друга страна, произлегуваат од зголемени финансиски средства за јавни набавки предвидени во 2022 год. Најавената зголемена цена на електрична енергија, на парно греење,најавена инфлација од 3,1% се фактори кои ке ги зголемат материјалните трошоци.

2.Амортизацијата во 2022 година се очекува да биде идентична во однос на 2021 год .

3.Вкупните нематеријални трошоци имаат тенденција на опагање за 11% во однос на 2021год..

4.Трошоците за вработени, односно трошоците за плати и надомест од плати се планира да останат идентични во односно на 2021 год.

5. Расходите на финансирање и каматите за јавни давачки се предвидува да бидат за 20% поголеми во однос на 2021 год.

III. Бруто добивка

Претпријатието очекува 2022 год. да ја заврши со бруто добивка од **1,928,400,00** ден. која би ја искористила во набавка на нова техничка опрема и средства за работа.

Изработил:
Јакимовска Здравка

ЈП ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО

Директор,

Сотировски Ангеле